РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-11571/1
29-10-2019 201 __ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 29.10.2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, број 02-4102/1 од 02.04.2018 година и број 02-8770/1 од 13.08.2019 година.

Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, во точката 1. Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот, работното место со реден број 9. Советник организатор на работата на директорот, со број на извршители "1" се брише.

Во точката 1. Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот, кај работното место со реден број 10. Советник за односи со јавност, во делот "вид на образование: правни науки, политички науки, или наука за книжевноста" зборовите "правни науки" се бришат.

Во точката 3. Одделение за информатички и комуникациски технологии, кај работното место со реден број 18. Советник за ИКТ, во делот број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1".

Во точката 1. Сектор за финансии кај работното место со реден број 22. Помошник раководител на Сектор за финансии, во делот број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1".

Во точката 1. Сектор за финансии, потточка 1.2 Одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции, работното место

со реден број 28. Соработник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции, со број на извршители "1" се брише.

Во точката 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, кај работното место со реден број 41. Советник за правни работи и застапување, во делот број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1".

Во точката 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, кај работното место со реден број 42. Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација, во делот број на извршители, бројот „4" се заменува со бројот „5" и во делот "Други посебни услови" се додава: "работно искуство во областа на експропријација".

Во точката 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, по работното место со реден број 42. Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација", се додаваат две нови работни места 42-а и 42-б, кои гласат:

| 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | |
|---|---|
| 2.1. Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација | |
| Реден број и шифра | 42-а КДР0102В03011 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | Работно искуство во областа на експропријација |
| Работни цели | Извршување на работи и задачи во врска со подготовка на правни акти и подготовка и следење на постапките за експропријација. |
| Работни задачи | - учествува при подготвка на материјали и документи од областа на нормативно правните работи и експропријација<br>- учествува при подготвка на договори од разни области поврзани со предметот на работење на Јавното претпријатие;<br>- учествува при подготовка на општите и поединечните акти на Јавното претпријатие;<br>- ја подготвува на целокупната документација за отпочнување на постапката за експропријација;<br>- учествува при давање мислења за примена на закони и други акти по конкретни прашања на работењето на Секторот; |

| | |
|---|---|
| | - учествува при водење на постапките поврзани со имотот на Јавното претпријатие и по потреба застапува по правните работи пред судовите и управните органи;<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација |

| 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | |
|---|---|
| 2.1. Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација | |
| Реден број и шифра | 42-б КДР0102В04010 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Помлад соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Помага при извршување на правни работи од областа на експропријацијата |
| Работни задачи | - ги врши наједноставните работи од надлежност на Одделението за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација;<br>- учествува и помага при подготовка на договори од разни области поврзани со предметот на работењето на Јавното претпријатие;<br>- помага при подготовка на општите и поединечните акти на Јавното претпријатие;<br>- помага при водење на постапките поврзани со имотот на Јавното претпријатие и постапките за подготовка и следење на експропријација;<br>- врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокругот на своето работење |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација |

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи во потточка 2.2.Одделение за човечки ресурси и општи работи, кај работното место со реден број 45. Советник за човечки ресурси и општи работи", во делот број на извршители, бројот „4" се заменува со бројот „3".

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи во потточка 2.2.Одделение за човечки ресурси и општи работи, работното место со реден број 46. Помлад соработник за човечки ресурси и општи работи", се менува и гласи:

| 2.Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | |
|---|---|
| 2.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи | |
| Реден број и шифра | 46 КДР0102В03023 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Соработник за човечки ресурси и општи работи |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување на работи и работни задачи во функција на планирање на потребните човечки потенцијали, учество во спроведување на постапките за вработување, унапредување и мобилност на квалитетот и професионалноста на вработените согласно потребите на институцијата |
| Работни задачи | - учествува при спроведување на стручно – административните работи во функција на планирање на потребните човечки потенцијали, спроведување на постапките за вработување, унапредување и мобилнсот на квалитетот и професионалноста;<br>- учествува при вршење на стручно – административни работи од надлежност на одделениeто;<br>- ги следи и се грижи за правилна примена на Законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;<br>-подготвува функционална анализа во институцијата<br><br>-учествува при давање стручни појаснувања и мислења за примена на законските одредби;<br>-учествува во подготовка на акти и документација за прашања поврзани со работниот однос на вработените;<br>-учествува при изготвување правилници за систематизација на работните места и правилници за внатршена организација на Јавното претпријатие;<br>- учествува при водење на постапките кои призлегуваат од права и обврските од работниот |

| | |
|---|---|
| | однос и изготвува соодветни акти;<br>- помага при спроведување на сите постапки кои произлегуваат од законските прописи кои ги регулираат работните односи;<br>- учествува при следење на ефикасноста во користење во користење на работното време од страна на вработените, со предлог мерки за поголема ефикасност;<br>- врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокругот на своето работење. |
| - | Раководителот на одделението за човечки ресурси и општи работи |

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи во потточка 2.2.Одделение за човечки ресурси и општи работи, кај работното место со реден број 50. Возач, во делот "Други посебни услови" се додава: "возачка дозвола С категорија".

Во точка 4.Сектор за инвестиции со средства од РМ, потточка 4.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, работно место под реден број 67.Помлад Соработник за инвестиции и градба на патишта, со средства од РМ, со број на извршители "2" се брише.

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ, потточка 5.1. Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, работно место под реден број 77.Помлад соработник за инвестиции и градба на патишта со средства на МФИ, со број на извршители "4" се брише.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, работно место под реден број 95. Стручен соработник за наплата на патарина, со број на извршители "1" се брише.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 97. Одговорен на наплатна станица, во делот број на извршители, бројот „20" се заменува со бројот „18".

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 98. Сменоводител за наплата на патарина, во делот број на извршители, бројот „41" се заменува со бројот „40".

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со

реден број 99. Инкасант за наплата на патарина, во делот број на извршители, бројот „280“ се заменува со бројот „296“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 100. Референт техничар за електрика, во делот број на извршители, бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 102. Референт оператор за контрола на дневни извештаи од патарина, во делот број на извршители, бројот „3“ се заменува со бројот „2“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 105. Контролор за мобилна контрола, во делот број на извршители, бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 106. Контролор за видео мониторинг контрола, во делот број на извршители, бројот „6“ се заменува со бројот „5“.

**Член 2**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. _________/

година

ДИРЕКТОР
Зоран Китанов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
СКОПЈЕ

# VII. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

| Р. бр. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. р.м. | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе |
| 1. | КДР0102Б01 019 | Самостоен советник на Директорот од областа на одржување, заштита на патиштата и наплата на патарина | 1 | 0 | | |
| 2. | КДР0102Б01 019 | Самостоен советник на Директорот од областа на инвестициите | 1 | 0 | | |
| 3. | КДР0102Б01 009 | Помошник директор за финансии | 1 | 1 | | |
| 4. | КДР0102Б01 015 | Помошник директор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |
| 5. | КДР0102Б01 016 | Помошник директор за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 6. | КДР0102Б01 022 | Помошник директор за инвестиции | 1 | 0 | | |
| 7. | КДР0102Б01 017 | Помошник директор за одржување, заштита, управување и безбедност на патишта и наплата на патарина | 1 | 0 | | |
| 8. | КДР0102Б04 171 | Раководител на одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот | 1 | 1 | | |
| 9. | КДР0102В01 063 | Советник - организатор на работата на Директорот (избришано) | 0 | 0 | | |
| 10. | КДР0102В01 066 | Советник за односи со јавност | 1 | 0 | | |
| 11. | КДР0102В01 064 | Советник преведувач на англиски јазик | 1 | 1 | | |
| 12. | КДР0102Г01 006 | Самостоен референт - технички секретар на директорот | 1 | 1 | | |
| 13. | КДР0403А01 001 | Возач и одговорен на возен парк | 1 | | | 1 |
| 14. | КДР0102Б04 010 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 | 1 | | |
| 15. | КДР0102В01 056 | Советник внатрешен ревизор | 1 | 0 | | |
| 16. | КДР0102В04 014 | Помлад соработник-внатрешен ревизор на обука | 1 | 0 | | |
| 17. | КДР0102Б04 011 | Раководител на одделение за информатички и комуникациски технологии | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | КДР0102В01 057 | Советник за ИКТ | 1 | 0 | | |
| 18-а | КДР0102В02 063 | Виш соработник за ИКТ | 1 | 1 | | |
| 19. | КДР0102Г01 051 | Самостоен референт - координатор за икт | 1 | 1 | | |
| 20. | КДР0102Г03 112 | Технички референт за информатички и комуникациски технологии | 1 | 1 | | |
| 21. | КДР0102Б02 048 | Раководител на сектор за финансии | 1 | 0 | | |
| 22. | КДР0102Б03 026 | Помошник раководител на сектор за финансии | 1 | 1 | | |
| 23. | КДР0102Б04 014 | Раководител на одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба | 1 | 1 | | |
| 24. | КДР0102В01 059 | Советник за финансиско планирање и анализа | 1 | 0 | | |
| 25. | КДР0102В01 212 | Советник за маркетинг и продажба | 1 | 0 | | |
| 26. | КДР0102Б04 013 | Раководител на одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции | 1 | 0 | | |
| 27. | КДР0102В01 058 | Советник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции | 1 | 0 | | |
| 28. | КДР0102В03 018 | Соработник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции (избришано) | 0 | 0 | | |
| 29. | КДР0102Б04 015 | Раководител на одделение за сметководство и плаќање | 1 | 1 | | |
| 30. | КДР0102В01 060 | Советник за сметководство и плаќање | 1 | 0 | | |
| 31. | КДР0102Г01 001 | Самостоен референт- одговорен сметководител | 2 | 1 | | |
| 32. | КДР0102Г01001 | Самостоен референт- сметководител и контрола на приходи | 2 | 1 | | |
| 33. | КДР0102Г03 113 | Референт – сметководител и | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одговорен за плаќања | | | | |
| 34. | КДР0102Г03 113 | Референт сметководител, контрола на приходите и изработка на плата | 2 | 1 | | |
| 35. | КДР0102Г03 117 | Референт –благајник и контрола на повраток на средства од патна такса | 1 | 1 | | |
| 36. | КДР0102Г03 113 | Референт сметководител и контрола на повраток на средства од патна такса | 1 | 1 | | |
| 37. | КДР0405А01 002 | магационер | 1 | | | 1 |
| 38. | КДР0102Б02 049 | Раководител на Сектор за правни работи, човечки ресусрси и општи работи | 1 | 0 | | |
| 39. | КДР0102Б03 023 | Помошник раководител на Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |
| 40. | КДР0102Б04 169 | Раководител на Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација | 1 | 1 | | |
| 41. | КДР0102В01 061 | Советник за правни работи и застапување | 1 | 1 | | |
| 42. | КДР0102В01 061 | Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 5 | 4 | | |
| 42-а | КДР0102В03011 | Соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 2 | 0 | | |
| 42-б | КДР0102В04010 | Помлад соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 1 | 0 | | |
| 43. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 1 | | |
| 44. | КДР0102Б04 017 | Раководител на Одделение за човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |
| 45. | КДР0102В01 054 | Советник за човечки ресурси и општи работи | 3 | 3 | | |
| 46. | КДР0102В03023 | Соработник за човечки ресурси и општи работи | 1 | 0 | | |
| 47. | КДР0102Г03009 | референт за документација | 1 | 1 | | |
| 47-а | КДР0102Г01 012 | Самостоен референт -координатор архивар | 1 | 1 | | |
| 48. | КДР0102Г03 121 | Референт-архивар | 3 | 3 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 49. | КДР0405А02 019 | Курир | 1 | | | 1 |
| 50. | КДР0403А02 004 | Возач | 2 | | | 2 |
| 51. | КДР0401А03 005 | Хигиеничар | 3 | | | 1 |
| 52. | КДР0404А03 001 | Кафекувар | 1 | | | 1 |
| 53. | КДР0402А03 001 | Портир | 2 | | | 1 |
| 54. | КДР0102Б02 009 | Раководител на Сектор за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 55. | КДР0102Б03 017 | Помошник раководител на Сектор за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 56. | КДР0102Б04 058 | Раководител на одделение за административно – техничка поддршка за јавни набавки | 1 | 0 | | |
| 57. | КДР0102В01 098 | Советник за административно – техничка поддршка за јавни набавки | 2 | 1 | | |
| 58. | КДР0102Г01 017 | Самостоен референт за документација | 1 | 1 | | |
| 59. | КДР0102Б04 058 | Раководител на одделение за спроведување на постапките за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 60. | КДР0102В01 067 | Советник за спроведување на постапките за јавни набавки | 2 | 1 | | |
| 61. | КДР0102В01 069 | Советник за јавни набавки - систем администратор | 1 | 1 | | |
| 62. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 0 | | |
| 63. | КДР0102Б02 011 | Раководител на Сектор за инвестиции со средства од РМ | 1 | 1 | | |
| 64. | КДР0102Б03 019 | Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од РМ | 1 | 0 | | |
| 65. | КДР0102Б04 023 | Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ | 1 | 1 | | |
| 66. | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ | 4 | 4 | | |
| 67. | КДР0102В04 003 | Помлад Соработник за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ (избришано) | 0 | 0 | | |
| 68. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 69. | КДР0102Б04 053 | Раководител на Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ | 1 | 1 | | |
| 70. | КДР0102В01 076 | Советник за изработка и следење на проектна документација со средства од РМ | 2 | 1 | | |
| 71. | КДР0102В01 077 | Советник за административна подготовка на проекти со средства од РМ | 1 | 0 | | |
| 72. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 0 | | |
| 73. | КДР0102Б02 011 | Раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ | 1 | 1 | | |
| 74. | КДР0102Б03 019 | Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ | 1 | 1 | | |
| 75. | КДР0102Б04 023 | Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ | 1 | 0 | | |
| 76. | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ | 7 | 5 | | |
| 76-а | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции и од делот за електроенергетски објекти со средства од МФИ | 1 | 0 | | |
| 77. | КДР0102В04 003 | Помлад соработник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ (избришано) | 0 | 0 | | |
| 78. | КДР0102Б04 025 | Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ | 1 | 0 | | |
| 79. | КДР0102В01 058 | Советник за подготовка на тендери со средства од МФИ | 3 | 1 | | |
| 80. | КДР0102Б04 045 | Раководител на Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти | 1 | 1 | | |
| 81. | КДР0102В01 081 | Советник за заштита на животна средина | 2 | 2 | | |
| 82. | КДР0102Б02068 | Раководител на Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | патарина | | | | |
| 83. | КДР0102Б03018 | Помошник раководител на Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина | 2 | 2 | | |
| 84. | КДР0102Б04019 | Раководител на Одделение за одржување на патишта и електроенергетски објекти | 1 | 1 | | |
| 85. | КДР0102В01074 | Советник за одржување на електроенергетски објекти | 2 | 2 | | |
| 86. | КДР0102В01 070 | Советник за одржување на патишта | 3 | 2 | | |
| 87. | КДР0102В03036 | Соработник за одржување на патишта | 1 | 0 | | |
| 88. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 1 | | |
| 89. | КДР0102Б04019 | Раководител на одделение за заштита на патишта | 1 | 0 | | |
| 90. | КДР0102В01 072 | Советник за издавање на одобрувања и одобренија | 1 | 1 | | |
| 91. | КДР0102В01 073 | Советник за вонреден превоз и проверка на тежина на возила | 2 | 1 | | |
| 92. | КДР0102В03 054 | Соработник за вонреден превоз и проверка на тежина на возила | 1 | 1 | | |
| 93. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 3 | 2 | | |
| 94. | КДР0305А03 097 | Раководител на Одделение за наплата на патарина и контрола | 1 | | 1 | |
| 95. | КДР0305Б01 088 | Стручен соработник за наплата на патарина и контрола (избришано) | 0 | | 0 | |
| 96. | КДР0305Б02038 | Координатор за наплата на патарина | 1 | | 1 | |
| 97. | КДР0305Б02076 | Одговорен на наплатна станица | 18 | | 18 | |
| 98. | КДР0305Б03 065 | Сменоводител за наплата на патарина | 40 | | 40 | |
| 99. | КДР0305Б04101 | Инкасант за наплата на патарина | 296 | | 276 | |
| 100. | КДР0305Б04021 | Референт техничар за електрика | 1 | | 1 | |
| 101. | КДР0305Б02232 | Техничко лице за одржување на хардвер и софтвер | 1 | | 1 | |
| 101-а | КДР0305Б01 088 | Стручен оператор за | 1 | | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | контрола на дневни извештаи | | | | |
| 102. | КДР0305Б02235 | Референт оператор за контрола на дневни извештаи од патарина | 2 | | 2 | |
| 103. | КДР0401А03 005 | Хигиеничар на објекти | 7 | | | 7 |
| 104. | КДР0305Б02038 | Координатор за контрола | 1 | | 1 | |
| 105. | КДР0305Б03 131 | Контролор за мобилна контрола | 4 | | 4 | |
| 106. | КДР0305Б03 131 | Контролор за видео мониторинг контрола | 5 | | 5 | |
| 107. | КДР0305А03073 | Раководител на Одделение за контрола на сообраќај | 1 | | 0 | |
| 108. | КДР0305Б01090 | Советник за контрола на сообраќај | 4 | | 4 | |
| 108-а | КДР0305Б01090 | Советник за контрола на сообраќај и одржување на компјутерска опрема | 1 | | 1 | |
| 109. | КДР0305Б03108 | Рефрент за контрола на сообраќај | 4 | | 4 | |
| 110. | КДР0305БО3028 | Референт оператор | 8 | | 8 | |
| 111. | КДР0102Б02069 | Раководител на Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата | 1 | 0 | | |
| 112. | КДР0102Б03018 | Помошник раководител на Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата | 1 | 1 | | |
| 113. | КДР0102Б04124 | Раководител на Одделение за РАМС - Систем за управување со патиштата | 1 | 1 | | |
| 114. | КДР0102В01070 | Советник - специјалист за систем за управување со патишта | 1 | 0 | | |
| 115. | КДР0102Г03079 | Референт техничар | 1 | 0 | | |
| 116. | КДР0102В01196 | Советник за броење и анализа на сообраќај и за мерење на тежини | 1 | 0 | | |
| 117. | КДР0102В03042 | Соработник за броење и анализа на сообраќај мерење тежини | 1 | 1 | | |
| 118. | КДР0102Б04187 | Раководител на Одделение за безбедност на патиштата | 1 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 119. | КДР0102В01025 | Советник за управување со брзината на возилата на државните патишта, управување со црни точки на државните патишта и анализа на сообраќајните несреќи со последици | 1 | 0 | | |
| 120. | КДР0102В01074 | Советник за превентивни мерки, сигнализација и режим на сообраќај | 1 | 1 | | |
| 121. | КДР0102В01070 | Советник за патни објекти (тунели, мостови, надпатници и подпатници) | 1 | 0 | | |
| | | **вкупно** | **539** | **82** | **368** | **15** |

ДИРЕКТОР
Зоран Китанов